**20141324197**

**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Врз основа на член 90 став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14 и 115/14), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ

Член 1

Во Правилникот за годетски работи за посебни намени („Службен весник на Република Македонија“ број 159/13, 88/14 и 110/14), во членот 3 став (2) по зборот „документација,“ се додаваaат зборовите: „премерот за изготвување на геодетски елаборати за примателите на социјална и постојана парична помош и на лицата со ниски бруто примања до 168.000 денари годишно во постапката на утврдување правен статус на бесправно изградени објекти,“.

Член 2

Одредбата од членот 1 на овој правилник ќе се применува до истекот на рокот за доставување на геодетски елаборати утврден со Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-13641/3
29 август 2014 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Анета Јорданова**, с.р.